**ЗАПИСНИК**
**од десеттата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 31.05.2022 година**

На десеттата седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 12 часот присуствуваа 19 членови на Советот : Патрик Матх, Миле Атанасов, Ѓорге Попов, Билјана Демерџиева, Елена Хаџи-Николова, Тодор Ристов, Надица Ристовски, Сашко Стојиловски, Софија Тошева-Раманчева, Томе Ќичуков, Слаѓана Стаменковска, Сашко Јанчев, Виктор Кралев, Златко Митров, Елизабета Сивова, Андријана Бегова, Сашко Проданов, Александар Пандовски и Петар Апостолов од вкупно 19 членови колку што брои Советот.

Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: **Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија , Лилјана Кичукова вработена во општината, Марија Танева директор на СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија, Ѓорги Стамков директор на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија, Љубица Ивановска директор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија, Тони Николов вработен во општината, Ирена Томчева вработена во општината, Катерина Ризова вработена во општината и Ристо Камов вработен во ЈПКД Комуналец.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување, Претседателот на Совет ја отвори десеттата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот на Совет го стави записникот од деветтата седница на разгледување.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Совет го стави на гласање записникот од деветтата седица и **Советот едногласно го усвои.**

**Миле Атанасов член на Совет** даде процедурална забелешка дека во записникот од деветтата седница пишува дека во расправата по точката Предлог-Решение за именување на член за надзорен одбор на материјално финансиското работење на ЈПКД Комуналец учествувал Миле Атанасов а на снимката тој говор го нема и тоа може да се провери и првпат се случува после десет дена седницата да се стави на општинската веб страна па затоа барам да ми се одговори што е причината и зошто се направени овие две намерни или ненамерни грешки.

**Благој Картов вработен во општината** даде образложение дека е увидено дека има технички пропуст и ќе биде изменето.

За работа на десеттата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Одлука за усвојување на почетниот биланс, годишните сметки за 2021 и 2022 година и извештајот за материјалното и финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња "АСТРА-ЛУНА"–Струмица во ликвидација и одобрување на работата на ликвидаторот,

2.Предлог-Одлука за бришење од Трговскиот регистар на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња "АСТРА-ЛУНА"–Струмица во ликвидација и за разрешување на ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња "АСТРА-ЛУНА" – Струмица во ликвидација,

3.Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година, за периодот 01.01.2022 г.– 31.03.2022г. – КУМУЛАТИВ),

4.Предлог-Одлука за зголемување и пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година,

5.Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски" – Гевгелија за 2022 година,

6.Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија за 2022 година,

7.Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" – Гевгелија за 2022 година,

8.Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект: „Културно богатство – наследство на идните генерации", потпроект „Реконструкција на дом на култура во село Моин, општина Гевгелија",

9.Предлог-Одлука за одобрување субвенции за набавка на велосипед,

10.Предлог-Одлука за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2022 година,

11.Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Гевгелија за 2022 година,

12.Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Гевгелија за 2022 година,

13.Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Давидово општина Гевгелија, плански период 2017-2027година,

14.Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.965 КО Негорци (барател: Васо Попов од Негорци),

15.Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.3479 КО Негорци (барател: Зоран Костадинов од Негорци),

16.Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.12 КО Конско, м.в. "Круша" (барател: Бранко Проданов од Гевгелија),

17.Предлог-Решение за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2023 година,

18.Предлог-Решение за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2023 година,

19.Предлог-Решение за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за 2023 година,

20.Предлог-Решение за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2023 година,

21.Предлог-Решение за усвојување на Годишниот план за вработување на ООМУ "Васо Карајанов"- Гевгелија за 2023 година,

22.Предлог-Решение за именување членови во Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија,

23.Информација за состојбата и превземените активности за кучињата скитници во општина Гевгелија,

24.Информација за состојбата со снабдувањето со вода за пиење во населените места во општина Гевгелија,

25.Информација за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во општина Гевгелија.

По барање на Градоначалникот како предлагач од Дневен ред се повлекува точката под реден број 10 Предлог-Одлука за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2022 година

Претседателот на Совет отвори претрес по предложениот дневен ред :

**Сашко Јанчев член на Совет-"**Предлагам точката под реден број 11 Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Гевгелија за 2022 година да се симне од Дневен ред од три причини и тоа при изготвување на овој правилник земени се во предвид интересите на инвеститорите а не е земен интересот на општините ,втора работа е што надоместокот и пред ваквиот правилник беше сразмерно помал во однос на влијанието на животната средина кој што го прават инвеститорите и профитот кој што го имаат и третата причина е поради тоа што ова е спротивно на европските пракси кои што имаат тенденција на создавање на енергетски самоодржливи општини."

**Тодор Ристов член на Совет**-Ова е веќе пракса материјалите да бидат некомплетни и иститe да не бидат проконтролирани бидејќи има во нив грешки од типот на непотпишани документи од страна на изготвувачи ,ненавремено доставени одлуки , дури вчера на комисиите колегата Апостолов реагираше баш во овој дел дека има различност во датумот на доставување на едниот документ со датумот на доставување на другите документи.Сметам дека оваа пракса која што се применува повеќе време забелешка до претседателот треба да се отстрани и да тој лично ги прегледува документите што се доставуваат до советниците .Сметам дека треба да се стави поголема сериозност во начинот на подготвувањето на седници и доставата на документи.Во делот на самите точки ќе се осврнам на токите 24 и 25 и сметам дека за точка 24 е навреда и увреда да ја разгледуваме таа информација,комуналното претпријатие во неколку реда да објаснува каква е состојбата за водоснабдување во општината е катастрофа и треба да се засрамат што таков документ праќаат на седница на Совет и како советничка група предлагаме оваа точка да се симне од Дневен ред .Во делот на точката 25 реагирав и на комисиите изготвувач на точката пишува ЈЗУ Општа болница Гевгелија и сметам дека по документите што ги добивме од четири институции неможе да биде изготвувач една институција и формално не е запазен редот односно не е комплетна точката и има недостатоци а исто така и материјалот кој е доставен од ОВР не е комплетен бидејќи првата страна и втората не се совпаќаат и барам да се провери дали фали дел од материјалот по точка 25 .Исто така имам две процедурални забелешки ,првата е таа што колегата Атанасов побара,имам сериозни забелешки до куќата што ги снима седниците имаме зачестени недостатоци во снимањето и во објавувањето на материјалите на седниците и апелирам за поголема ажурност од нивна страна и друго имам едно прашање до претседателот дали мисли и кога седниците на Совет да се вратат во салата на општината биодејќи не сме во КОВИД и се исполнети сите услови за да Советот се врати во просториите кои што се наменети за оддржување на седниците.

**Сашко Стојиловски член на Совет-**Предлагам точката под Реден број 22 Предлог-Решение за именување членови во Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија да биде поделена во три точки односно секој предлог да биде поединечно разгледуван и гласан.

**Петар Апостолов член на Совет-**Јас само ќе се надоврзам на она што беше кажано од претходните дискутанти во однос на Информацијата за состојбата со снабдувањето со вода за пиење во населените места во општина Гевгелија ако може да се зумира документот заради јавноста сметам дека поувредлива информација досега немам јас добиено во мојот советнички стаж.Ова е само потсетник како треба да биде информацијата а нас ни е доставен потсетникот не информацијата.Го поддржувам предлогот точката под реден број 24 да се симне од Дневен ред.Во однос на точката 25 сметам дека и таа треба да се симне од Дневен ред бидејќи е многу сериозна се работи за употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите,и најдобро е овие институции да седнат заедно и да направат заедничка информација и да ја достават до Советот.

**Тодор Ристов член на Совет -** Во однос на точка 25 ако остане на Дневен ред имам еден предлог ние како Совет имаме формирано Совет за превенција и

апелирам до Градоначалникот да го активира Советот за превенција бидејќи темата на точката 25 е од нивна надлежност со тоа што сите овие четири институции заедно со Советот за превенција да се состанат да изготват заедничка информација да ги усогласат ставовите и да дадат свое видување а може ќе дадат и предлог мерки кои што ние како совет без разлика што не се гласа по информацијата ќе донесеме одредени заклучоци.

Претседателот на Совет го стави на гласање предлогот на советникот Сашко Јанчев да се симне од Дневен ред точката под реден број 11 Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Гевгелија за 2022 година и **Советот со 13 гласа за и 6 воздржани го усвои.**

Претседателот на Совет го стави на гласање предлогот на советникот Тодор Ристов да се симне од Дневен ред точката под реден број 24 Информација за состојбата со снабдувањето со вода за пиење во населените места во општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои.**

Претседателот на Совет го стави на гласање предлогот на советникот Петар Апостолов да се симне од Дневен ред точката под реден број 25 Информација за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои.**

Претседателот на Совет го стави на гласање предлогот на советникот Сашко Стојиловски точката под Реден број 22 Предлог-Решение за именување членови во Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија да биде поделена во три точки и **Советот едногласно го усвои.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Дневниот ред со измените и **Советот едногласно го усвои.**

Потоа се мина на работа по усвоениот Дневен ред:

**Точка 1. Предлог-Одлука за усвојување на почетниот биланс, годишните сметки за 2021 и 2022 година и извештајот за материјалното и финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња "АСТРА-ЛУНА"–Струмица во ликвидација и одобрување на работата на ликвидаторот.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за усвојување на почетниот биланс, годишните сметки за 2021 и 2022 година и извештајот за материјалното и финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња "АСТРА-ЛУНА"–Струмица во ликвидација и одобрување на работата на ликвидаторот и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 2. Предлог-Одлука за бришење од Трговскиот регистар на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња "АСТРА-ЛУНА"–Струмица во ликвидација и за разрешување на ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња "АСТРА-ЛУНА" –Струмица во ликвидација**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за бришење од Трговскиот регистар на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња "АСТРА-ЛУНА"–Струмица во ликвидација и за разрешување на

ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња "АСТРА-ЛУНА" –Струмица во ликвидација

**Во расправата по точките учествуваа: Виктор Кралев член на Советот .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за бришење од Трговскиот регистар на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња "АСТРА-ЛУНА"–Струмица во ликвидација и за разрешување на ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња "АСТРА-ЛУНА"–Струмица во ликвидација и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 3. Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година, за периодот 01.01.2022 г.– 31.03.2022г. – КУМУЛАТИВ).**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година, за периодот 01.01.2022 г.– 31.03.2022г. – КУМУЛАТИВ).

**Во расправата по точките учествуваа: Лилјана Кичукова вработена во општината ,Петар Апостолов , Софија Тошева-Раманчева ,Тодор Ристов ,Елена Хаџи-Николова,Томе Ќичуков,Виктор Кралев,Миле Атанасов,Ѓорге Попов и Билјана Демерџиева членови на Советот , Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година, за периодот 01.01.2022 г.– 31.03.2022г. – КУМУЛАТИВ) и **Советот со 10 гласа за ,6 против и 3 воздржани го усвои .**

**Точка 4. Предлог-Одлука за зголемување и пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за зголемување и пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точките учествуваа: Лилјана Кичукова вработена во општината ,Билјана Демерџиева ,Петар Апостолов и Тодор Ристов членови на Советот .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за зголемување и пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година и **Советот со 11 гласа за и 8 воздржани го усвои .**

**Точка 5. Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски" – Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски" – Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точките учествуваа: Марија Танева директор на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски" – Гевгелија за 2022 година и **Советот со 11 гласа за , 6 воздржани и 1 не гласал заради судир на интереси го усвои.**

**Точка 6. Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точките учествуваа: Ѓорги Стамков директор на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија за 2022 година и **Советот со 11 гласа за и 7 воздржани го усвои .**

**Точка 7. Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" – Гевгелија за 2022 година**.

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" – Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точките учествуваа: Љубица Ивановска директор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" – Гевгелија за 2022 година и **Советот со 18 гласа за го усвои .**

**Точка 8. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект: „Културно богатство – наследство на идните генерации”, потпроект „Реконструкција на дом на култура во село Моин, општина Гевгелија”.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект: „Културно богатство – наследство на идните генерации”, потпроект „Реконструкција на дом на култура во село Моин, општина Гевгелија”.

**Во расправата по точките учествуваа: Тони Николов вработен во општината,Виктор Кралев и Ѓорге Попов членови на Совет.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект: „Културно богатство – наследство на идните генерации”, потпроект „Реконструкција на дом на култура во село Моин, општина Гевгелија” и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 9. Предлог-Одлука за одобрување субвенции за набавка на велосипед.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за одобрување субвенции за набавка на велосипед.

**Во расправата по точките учествуваа: Елизабета Сивова,Сашко Проданов членови на Совет.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за одобрување субвенции за набавка на велосипед и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 12. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точката учествуваа:Ирена Томчева вработена во општината,Тодор Ристов член на Советот .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Гевгелија за 2022 година и **Советот со 18 гласа за и 1 воздржан ја усвои .**

**Точка 13. Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Давидово општина Гевгелија, плански период 2017-2027година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за донесување на Урбанистички план за село Давидово општина Гевгелија, плански период 2017-2027година

**Во расправата по точката учествуваа: Ирена Томчева вработена во општината,Виктор Кралев,Томе Ќичуков, Андријана Бегова ,Александар Пандовски,Сашко Стојиловски,Тодор Ристов членови на Советот .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за донесување на Урбанистички план за село Давидово општина Гевгелија, плански период 2017-2027 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 14. Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.965 КО Негорци (барател: Васо Попов од Негорци).**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.965 КО Негорци (барател: Васо Попов од Негорци).

**Во расправата по точката учествуваа: Ирена Томчева вработена во општината,Тодор Ристов член на Совет.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.965 КО Негорци (барател: Васо Попов од Негорци) и **Советот со 17 гласа за , 1 воздржан и 1 против ја усвои .**

**Точка 15. Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.3479 КО Негорци (барател: Зоран Костадинов од Негорци).**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.3479 КО Негорци (барател: Зоран Костадинов од Негорци).

**Во расправата по точката учествуваа: Ирена Томчева вработена во општината.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.3479 КО Негорци (барател: Зоран Костадинов од Негорци) и **Советот со 17 гласа за , 1 воздржан и 1 против ја усвои .**

**Точка 16.Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.12 КО Конско, м.в. "Круша" (барател: Бранко Проданов од Гевгелија)**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.12 КО Конско, м.в. "Круша" (барател: Бранко Проданов од Гевгелија)

**Во расправата по точката учествуваа: Ирена Томчева вработена во општината.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.12 КО Конско, м.в. "Круша" (барател: Бранко Проданов од Гевгелија) и **Советот со 17 гласа за , 1 воздржан и 1 против ја усвои .**

**Точка 17. Предлог-Решение за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2023 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2023 година.

**Во расправата по точката учествуваа: Катерина Ризова вработена во општината.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2023 година и **Советот со 12 гласа за и 6 воздржани го усвои .**

**Точка 18. Предлог-Решение за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2023 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2023 година

**Во расправата по точката учествуваа: Катерина Ризова вработена во општината.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2023 година и **Советот со 12 гласа за и 6 воздржани го усвои .**

**Точка 19. Предлог-Решение за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за 2023 година**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за 2023 година.

**Во расправата по точката учествуваа: Катерина Ризова вработена во општината.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за 2023 година и **Советот со 12 гласа за и 6 воздржани го усвои .**

**Точка 20. Предлог-Решение за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2023 година**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2023 година.

**Во расправата по точката учествуваа: Катерина Ризова вработена во општината.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2023 година и **Советот со 12 гласа за и 6 воздржани го усвои .**

**Точка 21. Предлог-Решение за усвојување на Годишниот план за вработување на ООМУ "Васо Карајанов"- Гевгелија за 2023 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Годишниот план за вработување на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за 2023 година

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишниот план за вработување на ООМУ "Васо Карајанов"- Гевгелија за 2023 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 22. Предлог-Решение за именување членови во Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките под реден број 22,23 и 24.

**Во расправата по точката учествуваа: Сашко Стојиловски ,Петар Апостолов,Елизабета Сивова,Томе Ќичуков членови на Совет.**

Сашко Стојиловски претседател на Комисијата за избор и именување образложи по сите три точки и за членови на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија ги предложи лицата Емилија Ристова ,Александра Никова и Вили Старделова.

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за именување членови во Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и **Советот со 10 гласа за, 4 против,3**

**воздржани и 2 не гласале заради судир на интереси го усвои и за член се именува лицето Емилија Ристова.**

**Точка 23. Предлог-Решение за именување членови во Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за именување членови во Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и **Советот со 10 гласа за, 4 против,3 воздржани и 2 не гласале заради судир на интереси го усвои и за член се именува лицето Александра Никова.**

**Точка 24. Предлог-Решение за именување членови во Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за именување членови во Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и **Советот со 10 гласа за, 4 против,3 воздржани и 2 не гласале заради судир на интереси го усвои и за член се именува лицето Вили Старделова.**

**Точка 25. Информација за состојбата и превземените активности за кучињата скитници во општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Информацијата за состојбата и превземените активности за кучињата скитници во општина Гевгелија

**Во расправата по точката учествуваа: Ристо Камов вработен во ЈПКД Комуналец,Томе Ќичуков,Елизабета Сивова членови на Советот .**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори десеттата седница на Советот на Општина Гевгелија

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**Патрик Матх**